ИСПИТНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

# РУСКИ ЈАЗИК

ДРЖАВНА МАТУРА

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ
СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2007

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**ИСПИТНА ПРОГРАМА**

# РУСКИ ЈАЗИК

**ДРЖАВНА МАТУРА**
**ВО ГИМНАЗИСКО**
**И ВО СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Испитната програма по **руски јазик** за државна матура во гимназиското и во средното стручно образование е донесена со решение на министерот за образование и наука од 10.10.2007 година.

# 1. ВОВЕД

Испитната програма е документ кој на училиштата, наставниците, учениците и сите други заинтересирани за овој испит им нуди информации за содржината и квалитативниот аспект на испитот.

Намената на програмата е:

- да го насочи ученикот успешно да се подготви за полагање на матурскиот испит по руски јазик како странски јазик;
- да му помогне на наставникот за успешна реализација на наставната програма во функција на подготвување на учениците за матурскиот испит.

Испитната програма се темели на наставните програми по руски јазик од I до IV година за средно образование.

Предмет на проверка на знаењата и способностите на учениците ќе бидат од деловите на наставната програма по предметот руски јазик: Зборување, Читање и разбирање, Пишување и Култура. Делот од наставната програма: Слушање со разбирање ќе биде содржина на проверка тогаш кога во сите средни училишта во државата ќе бидат создадени подеднакви материјални и други услови, неопходни за негова проверка.

Со оваа испитна програма се утврдува содржината, организацијата и начинот на спроведување на државната матура во средното образование и очекуваните ефекти од неговото спроведување во подобрување на квалитетот на нашиот образовен систем.

## *Намена, основа и содржина на испитната програма*

Испитната програма е основен официјален документ на кој се базира испитот. Тој обезбедува транспарентност на образовниот систем и нуди информации за содржината и начинот на изведување и оценување на матурските испити, со што ги информира учениците, наставниците и родителите, нудејќи увид во квалитетот на нивното изведување.

Таа има за цел:

- да му помогне на наставникот успешно да ја реализира наставната програма во функција на подготвување на учениците за матурскиот испит;
- да го насочи ученикот успешно да се подготви за полагање на матурскиот испит по руски јазик како странски јазик.

Испитната програма е заснована врз наставните планови и програми за руски јазик во гимназиското и четиригодишното средно стручно образование

Матурскиот испит по руски јазик се спроведува на крајот на четиригодишното образование и има за цел да покаже:

- дали ученикот има стекнато знаења и способности по руски јазик кои ќе му овозможат успешно да го продолжи своето образование во високообразовните институции;
- дали ученикот е оспособен самостојно да ги применува стекнатите знаења и способности по руски јазик во секојдневен и професионален контекст.

Испитот ги содржи следниве компоненти:

- Општа цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите
- Конкретизација на целите (знаењата и способностите)
- Спецификациска мрежа на испитот
- Опис на испитот
- Начин на оценување

Знаењата и способностите на учениците ќе бидат проверени преку дел од содржините на *Наставната програма по предметот руски јазик*.

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

За да го положи испитот ученикот треба:

- да оствари усна комуникација применувајќи ги комуникативните модели и јазичните елементи предвидени во наставните програми за средно образование;.
- да разбира пишан текст и да може да одговори во писмена форма;
- да оствари писмена комуникација применувајќи ги комуникативните модели и јазичните елементи предвидени во наставните програми.

## 3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

### 3.1. Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите

1. Зборување
2. Читање и разбирање
3. Пишување
4. Култура*

---

* Содржините од *Култура* се застапени во задачите за зборување, читање и разбирање и пишување во кои ќе се вклучат основните конвенции и културолошки особености на земјите на јазикот - цел според наставната програма.

## 3.2. Конкретизација на целите

Во овој дел се дадени конкретизирани цели (знаења и способности) за содржините на програмата, распоредени по делови.

### Дел 1: Зборување

Ученикот може:
- да учествува во усната комуникација;
- да се искаже усно на дадена тема;
- да изрази сопствени ставови и мислења;
- да користи формален и неформален јазик во секојдневни ситуации.

**Теми и видови активности за делот *Зборување***

| Теми | Видови активности |
|---|---|
| - Семејство<br>- Слободно време (интереси, хоби, патувања, итн.)<br>- Современи комуникации (печат, телевизија, радио, Интернет итн.)<br>- Музика<br>- Филм<br>- Спорт<br>- Секојдневно живеење (навики, обичаи, празнувања)<br>- Животна средина<br>- Образование, професии, занимања (планови за во иднина и сл.) | - Барање и давање информации<br>- Опишување на лица, активности, места итн.<br>- Играње по улоги (наставник - ученик)<br>- Раскажување по слики, графикони, шеми и сл.<br>- Дискусија на определена тема |

**Дел 2: Читање и разбирање**

Ученикот може:

- да го определи видот на текстот (новинарска статија, писмо, оглас и сл.);
- да извлече конкретни информации од текст;
- да определи / подреди делови во структура на текст;
- да извлече конкретни информации од дадени табели, графикони, мапи и сл.;
- да интерпретира зборови и изрази во даден контекст;
- глобално да го разбере текстот;
- да извлече заклучоци преку споредба на повеќе текстови.

**Теми и видови текстови за делот *Читање и разбирање***

| **Теми** | **Видови текстови** |
|---|---|
| - Семејство<br>- Слободно време (интереси, хоби, патувања, итн.)<br>- Современи комуникации (печат, телевизија, радио, Интернет итн.)<br>- Музика<br>- Филм<br>- Спорт<br>- Секојдневно живеење (навики, обичаи, празнувања)<br>- Животна средина<br>- Образование, професии, занимања (планови за во иднина и сл.) | - Новинарска статија, писмо, оглас и сл.<br>- Текстови актуелни за возраста и интересите на учениците<br>- Табели, графикони, мапи, и сл.<br>- Извадоци од литературни дела, брошури, прикази, коментари во функција на темите наведени во табелава |

## Дел 3: Пишување:

Ученикот може:

- да даде лични податоци
- да напише кратка порака
- да напише лично или деловно писмо (неформален/ формален текст)
- да бара/дава информации
- да напише кус насочен состав

### Теми и видови текстови за делот *Пишување*

| **Теми** | **Видови текстови** |
|---|---|
| - Семејство<br>- Слободно време (интереси, хоби, патувања итн.)<br>- Современи комуникации (печат, телевизија, радио, Интернет итн.)<br>- Музика<br>- Филм<br>- Спорт<br>- Секојдневно живеење (навики, обичаи, празнувања)<br>- Животна средина<br>- Образование, професии, занимања (планови за во иднина и сл.) | - Куса биографија<br>- Формулари<br>- Неформални писма (давање лични податоци, пишување честитки, извинување, заблагодарување и сл.)<br>- Формални писма (заблагодарување, барање и давање информации, извинување, потврдување и сл.)<br>- Краток текст (опис, нарација, осврт за прочитана книга или гледан филм, и сл.) |

## 4. СПЕЦИФИКАЦИСКА МРЕЖА НА ИСПИТОТ

Во следниве шеми се дадени вештините кои ќе бидат предмет на оценување и видовите активности (Зборување) и текстови (Читање и разбирање и Пишување) кои кореспондираат на бараните вештини (цели).

### Дел 1: Зборување

| Цели | ВИДОВИ АКТИВНОСТИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Активност 1** | **Активност 2** | **Активност 3** | **Активност 4** | **Активност 5** |
| 1. Да учествува во усна комуникација применувајќи ги соодветните комуникативни модели и јазични елементи. | Барање и давање информации | | Играње по улоги (наставник-ученик) | | Дискусија на определена тема |
| 2. Да се искаже усно по дадена тема. | | Опишување на лица, активности, места итн. | | Раскажување по слики и сл. | Дискусија на определена тема |
| 3. Да изрази сопствени ставови и мислења. | | | Играње по улоги (наставник-ученик). | Раскажување по слики, графико-ни, шеми и сл. | Дискусија на определена тема |
| 4. Да користи формален и неформален јазик во секојдневни ситуации. | Барање и давање информации. | | Играње по улоги (наставник-ученик). | | |

**Дел 2: Читање и разбирање**

| Видови текстови | Ц Е Л И | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Цел 1** | **Цел 2** | **Цел 3** | **Цел 4** | **Цел 5** | **Цел 6** | **Цел 7** |
| Новинарска статија, писмо, оглас и сл. | Определување вид на текстот | Извлекување конкретни информации од текстот. | Определување/ подредување делови во структурата на текстот. | | Интерпретирање зборови и изрази во даден контекст. | Глобално разбирање на текстот. | Извлекување заклучоци преку споредба на повеќе текстови. |
| Текстови актуелни за возраста и интересите на учениците | Определување вид на текстот | Извлекување конкретни информации од текстот. | Определување/ подредување делови во структурата на текстот. | | Интерпретирање зборови и изрази во даден контекст. | Глобално разбирање на текстот. | Извлекување заклучоци преку споредба на повеќе текстови. |
| Табели, графикони, мапи и сл. | | | | Извлекување конкретни информации од дадени табели, графикони, дијаграми, мапи и сл. | | | |
| Извадоци од литературни дела, брошури, прикази, коментари во функција на темите наведени во табелата. | Определување вид на текстот | Извлекување конкретни информации од текстот. | Определување/ подредување делови во структурата на текстот. | Извлекување конкретни информации од дадени табели, графикони, дијаграми, мапи и сл. | Интерпретирање зборови и изрази во даден контекст. | Глобално разбирање на текстот. | Извлекување заклучоци преку споредба на повеќе текстови. |

Делот **Читање и разбирање** на испитот е застапен со 50%.

**Дел 3: Пишување**

| Видови текстови | Ц Е Л И | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Цел 1** | **Цел 2** | **Цел 3** | **Цел 4** | **Цел 5** |
| Куса биографија (CV) | Давање лични податоци. | | | | |
| Заблагодарување, честитка, покана, извинување | | Пишување кратка порака | Пишување лично или деловно писмо. | | |
| Неформално/ формално писмо. | Давање лични податоци. | Пишување кратка порака. | Пишување лично или деловно писмо. | Барање/давање информации. | |
| Пополнување на формулар, молба, конкурирање | Давање лични податоци. | | Пишување лично или деловно писмо. | Барање/давање информации. | |
| Опис, нарација, мислење | | | | Барање/давање информации. | Пишување кус насочен состав. |

Делот **Пишување** на испитот е застапен со 50%.

## 5. ОПИС НА ИСПИТОТ

Матурскиот испит се состои од три дела.

- Првиот дел од испитот опфаќа проверка на способностите од **Зборување** во траење од околу 15 минути.
- Вториот дел од испитот опфаќа проверка на способностите од **Читање и разбирање** во траење од 90 минути.
- Третиот дел од испитот опфаќа проверка на способностите од **Пишување** во траење од 90 минути.

Делот **Зборување** ќе се проверува и ќе се оценува интерно, од страна на училишни предметни комисии, со квалификација **положил / не положил**.

Испитните задачи и критериумите за оценување за деловите **Читање и разбирање** и **Пишување** ќе се изготвуваат екстерно.

Испитот за деловите **Читање и разбирање** и **Пишување** ќе се изведува во текот на еден ден и ќе се оценува екстерно, од страна на екстерни оценувачи.

### *Видови на испитни задачи*

#### Дел 1: Зборување

Наведените видови испитни задачи се усогласени со темите предвидени во испитната програма.

Задачите ќе бидат од типот:

- барање и давање информации;
- опишување на лица, активности, места итн.;
- играње по улоги (наставник - ученик);
- раскажување по слики и сл.;
- дискусија на определена тема

**Дел 2: Читање и разбирање**

Наведените видови испитни задачи се базираат на текстови од различен вид, табели, графикони, мапи и сл. од различни извори.

Задачите ќе бидат од типот:

- прашања со повеќечлен избор;
- отворени прашања;
- пополнување на испуштени зборови или фрази;
- подредување на параграфи по логичен редослед ;
- меѓусебно поврзување на зборови со соодветни описи;
- определување точност на исказ (точно/ неточно).

**Дел 3: Пишување**

Делот **Пишување** ќе се тестира преку избор од испитни задачи со кои ќе бидат опфатени некои од предвидените цели. Испитните задачи ќе се разликуваат според бројот на зборовите и според специфичните барања што произлегуваат од видот на задачата.

На пример:

- од 60 до 80 збора:
  - пишување на кратка порака;
  - пополнување на формулар со лични податоци;
  - куса биографија;

- од 80 до 100 збора:
  - лично и деловно писмо;
  - барање /давање информации;

- од 120 до 150 збора:
  - насочен состав.

## 6. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

### Дел 1. Зборување

Делот *Зборување* ќе се проверува преку две задачи. Една од типот на усно индивидуално искажување и друга од типот на интерактивна комуникација.

- Задачите од типот на усно индивидуално искажување вклучуваат: опишување лица, активности и места и раскажување по слики и сл.
- Задачите од типот на интерактивна комуникација со испитувачот вклучуваат: барање и давање информации, играње по улоги и дискусија на определена тема.

Секоја задача се оценува со можен број на бодови **20**. Можен број на бодови за делот *Зборување* е **40.**
**Ученикот го положил испитот од делот *Зборување* доколку освоил минимум 20 бода.**

На пример:

1. Опишување лица, активности, процеси и места **20** можни поени
2. Барање и давање информации **20** можни поени

Оценувањето на испитните задачи од компонентата *Зборување* ќе се изведува со помош на следните **критериуми со кои се опишуваат 4 нивоа на постигнати барања:**

- **Лексика**
- **Граматички структури**
- **Течност во говорењето и интеракција**
- **Изговор**
- **Соодветност на содржината**

- **Лексика**

  **3** Лексиката е богата, разновидна и точно употребена (нивоа на постигнати барања).

  **2** Лексиката е богата, но со недоследности и грешки во употребата при изразување на посложени искази.

  **1** Лексиката е ограничена, но овозможува изразување на основни искази.

  **0** Многу ограничена лексика со голем број погрешно употребени зборови, несоодветни на поставената задача.

- **Граматички структури**

  **3** Употребени се соодветни и разновидни граматички структури со незначителни грешки.

  **2** Правилна употреба на граматичките структури, со грешки при употреба на посложените структури**.**

  **1** Употребени се едноставни граматички структури, со грешки.

  **0** Употребени се основни граматички структури со елементарни грешки.

- **Течност во говорењето и интеракција**

  **3** Се искажува течно и активно учествува во комуникацијата.

  **2** Се искажува течно, но со повремени паузи, а интеракцијата е на задоволително ниво.

  **1** Недостасува течност во искажувањето и покажува ограниченост во комуникацијата поради неможност за разбирање.

  **0** Искажувањето е многу ограничено, а нивото на интеракцијата е незадоволително.

- **Изговор**

  **3** Изговорот е правилен со незначителни грешки во акцентот, ритамот и интонацијата.

  **2** Изговорот е правилен со повремена појава на грешки во акцентот, ритамот, интонацијата.

  **1** Во изговорот се среќаваат поголем број грешки кои ја отежнуваат комуникацијата.

  **0** Во изговорот се среќаваат поголем број грешки кои ја оневозможуваат комуникацијата.

- **Соодветност на содржината**

  **3** Содржината на исказот е соодветна, во потполност одговара на барањата на поставената задача од јазичен и културолошки аспект. Идеите се јасни и со соодветни примери, има елементи на оригиналност.

  **2** Содржината одговара на барањата на поставената задача, но се забележува недоволно познавање на културолошките конвенции. Идеите се јасни со недоволен број информации.

  **1** Содржината отстапува со барањата на задачата. Идеите се повторуваат и исказот содржи непотребни информации.

  **0** Содржината не одговара во целина со барањата на задачата. Идеите се недоволно јасни и исказот содржи несоодветни информации.

| | | Течност во говорењето и интеракција | Изговор | Лексика | Граматички структури | Соодветност на содржината |
|---|---|---|---|---|---|---|
| одлично | 3 | (4 бода) Се искажува течно и активно учествува во комуникацијата. | (4 бода) Изговорот е правилен со незначителни грешки во акцентот, ритамот и интонацијата | (4 бода) Лексиката е богата, разновидна и точно употребена. | (4 бода) Употребени се соодветни, разновидни граматички структури со незначителни грешки. | (4 бода) Содржината на исказот е соодветна, во потполност одговара на барањата на поставената задача од јазичен и културолошки аспект. Идеите се јасни и со соодветни примери, има елементи на оригиналност. |
| добро | 2 | (3 бода) Се искажува течно, но со повремени паузи, а интеракцијата е на задоволително ниво. | (3бода) Изговорот е правилен со повремена појава на грешки во акцентот, ритамот, интонацијата. | (3бода) Лексиката е богата, но со недоследности и грешки во употребата при изразување на посложени искази. | (3бода) Правилна употреба на граматичките структури, со грешки при употреба на посложените структури. | (3 бода) Содржината одговара на барањата на поставената задача, но се забележува недоволно познавање на културолошките конвенции. Идеите се јасни со недоволен број информации. |
| задоволува | 1 | (2 бода) Недостасува течност во искажувањето, покажува ограниченост во комуникацијата поради неможност за разбирање. | (2 бода) Во изговорот се среќаваат поголем број грешки кои ја отежнуваат комуникацијата. | (2 бода) Лексиката е ограничена, но овозможува изразување на основни искази. | (2 бода) Употребени се едноставни граматички структури, со грешки. | (2 бода) Содржината отстапува со барањата на задачата. Идеите се повторуваат и исказот содржи непотребни информации. |
| не задоволува | 0 | (1 бод) Искажувањето е многу ограничено, а нивото на интеракцијата е незадоволително. | (1 бод) Во изговорот се среќаваат поголем број грешки кои ја оневозможуваат комуникацијата. | (1 бод) Многу ограничена лексика, со голем број погрешно употребени зборови, несоодветни на поставената задача. | (1 бод) Употребени се основни граматички структури со елементарни грешки. | (1 бод) Содржината не одговара во целина со барањата на задачата. Идеите се недоволно јасни и исказот содржи несоодветни информации. |

**Дел 2: Читање и разбирање**

Делот **Читање и разбирање** ќе се тестира преку прашања распоредени во различен број на испитни задачи во зависност од дадениот број текстови, табели, графикони, мапи и сл.

Прашањата ќе бидат од типот на прашања со повеќечлен избор, отворени прашања, пополнување на испуштени зборови или фрази, подредување на параграфи по логичен редослед, меѓусебно поврзување на зборови со соодветни описи, определување точност на исказ.

Секој точен одговор се оценува со определен број бодови. Можниот број на бодови за делот **Читање и разбирање** изнесува **50**.

**Дел 3: Пишување**

Делот **Пишување** ќе се тестира преку **две** испитни задачи од долунаведениот избор со кои ќе бидат опфатени некои од предвидени цели. Испитните задачи ќе се разликуваат според бројот на зборовите и според специфичните барања што произлегуваат од видот на задачата.

Можниот број на бодови за делот **Пишување** изнесува **50**. Можниот број на бодови за секоја испитна задача изнесува **25.**

На пример:

- од 60 до 80 збора: можни бодови **25**
  - пишување на кратка порака;
  - пополнување на формулар со лични податоци;
  - куса биографија;

- од 80 до 100 збора: можни бодови **25**
  - лично и деловно писмо;
  - барање /давање информации;

- од 120 до 150 збора: можни бодови **25**
  - насочен состав.

Оценувањето на испитните задачи од делот **Пишување** ќе се изведува со помош на следните **критериуми** со кои се опишуваат 4 нивоа на постигнати барања:

- **Соодветност на содржината**
- **Структура**
- **Граматички структури**
- **Лексика**
- **Правопис**

- **Соодветност на содржината** (нивоа на постигнати барања)

  **3** Содржината е соодветна и во потполност одговара на барањата на поставената задача од јазичен и културолошки аспект. Идеите се јасни и во текстот се среќаваат соодветни примери. Во текстот има елементи на креативност.

  **2** Содржината одговара на барањата на поставената задача. Идеите се јасни и разработени иако се среќаваат непотребни информации.

  **1** Содржината не ги опфаќа сите барања на задачата. Идеите се повторуваат и текстот содржи несоодветни или недоволен број информации.

  **0** Содржината не одговара со барањата на задачата. Идеите се нејасни и текстот содржи недоволен број информации.

- **Структура**

  **3** Јасно препознатлива организација и структура соодветна на поставената задача. Идеите се логички подредени со правилно одделени пасуси. Употребени се разновидни и соодветни поврзувачки средства.

  **2** Структурата одговара на поставената задача. Недоволно е обрнато внимание на логичната поврзаност на идеите во текстот или на физичката поделба на пасосите и употреба на соодветни поврзувачки средства.

  **1** Текстот има нејасна структура. Нема одделени пасоси и има ограничена или несоодветна употреба на поврзувачки средства.

  **0** Текстот има нејасна структура, нема одделни пасоси и има несоодветна употреба на поврзувачки средства.

- **Граматички структури**

  **3** Употребени се сложени и разновидни граматички структури.

  **2** Правилна употреба на граматичките структури, со грешки при употреба на посложените структури.

  **1** Употребени само едноставни граматички структури без или со грешки, кои не го попречуваат разбирањето на текстот.

  **0** Употребени се едноставни граматички структури кои го попречуваат разбирањето на текстот.

- **Лексика**

  **3** Лексиката е богата, разновидна и точно употребена.

  **2** Лексиката соодветна, со недоследности и грешки во употребата при изразување на посложени искази.

  **1** Лексиката е ограничена или преземена од упатството на задачата, но овозможува изразување на основните искази.

  **0** Многу ограничена лексика со голем број грешки и несоодветна на поставената задача.

- **Правопис**

  **3** Има незначителни грешки во пишувањето на зборовите и интерпункцијата кои не пречат за разбирањето на текстот.

  **2** Се среќаваат грешки во пишувањето и интерпункцијата кои може да го попречат разбирањето на текстот.

  **1** Повеќе грешки во пишувањето на зборовите и интерпункцијата кои го попречуват разбирањето на текстот.

  **0** Голем број грешки во пишувањето на зборовите и интерпункцијата кои го оневозможуваат разбирањето на текстот.

| | Правопис | Лексика | Граматички структури | Структура | Соодветност на содржината |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | (5 бода)<br>Има незначителни грешки во пишувањето на зборовите и интерпункцијата кои не пречат за разбирањето на текстот.<br>со 3-грешки, текст 60-80<br>со 5-грешки, текст 80-100<br>со7-грешки, текст 120-150 | (5 бода)<br>Лексиката е богата, разновидна и точно употребена. | (5 бода)<br>Употребени се сложени и разновидни граматички структури. | (5 бода)<br>Јасно препознатлива организација и структура соодветна на поставената задача. Идеите се логички подредени со правилно одделени пасуси. Употребени се разновидни и соодветни поврзувачки средства. | (5 бода)<br>Содржината е соодветна и во потполност одговара на барањата на поставената задача од јазичен и културолошки аспект. Идеите се јасни и во текстот се среќаваат соодветни примери. Во текстот има елементи на креативност. |
| **2** | (4 бода)<br>Се среќаваат грешки во пишувањето и интерпункцијата кои може да го попречат разбирањето на текстот.<br>со 5-грешки, текст 60-80<br>со 7-грешки, текст 80-100<br>со 9-грешки, текст 120-150 | (4 бода)<br>Лексиката соодветна, со недоследности и грешки во употребата при изразување на посложени искази. | (4 бода)<br>Правилна употреба на граматичките структури, со грешки при употреба на посложените структури. | (4 бода)<br>Структурата одговара на поставената задача. Недоволно е обрнато внимание на логичната поврзаност на идеите во текстот или на физичката поделба на пасосите и употреба на соодветни поврзувачки средства. | (4 бода)<br>Содржината одговара на барањата на поставената задача.<br>Идеите се јасни и разработени иако се среќаваат непотребни информации. |
| **1** | (3 бода)<br>Повеќе грешки во пишувањето на зборовите и интерпункцијата кои го попречуват разбирањето на текстот.<br>со 5-грешки, текст 60-80<br>со 7-грешки, текст 80-100<br>со 9-грешки, текст 120-150 | (3 бода)<br>Лексиката е ограничена или преземена од упатството на задачата, но овозможува изразување на основните искази. | (3 бода)<br>Употребени само едноставни граматички структури без или со грешки, кои не го попречуваат разбирањето на текстот. | (3 бода)<br>Текстот има нејасна структура. Нема одделени пасоси и има ограничена или несоодветна употреба на поврзувачки средства. | (3 бода)<br>Содржината не ги опфаќа сите барања на задачата. Идеите се повторуваат и текстот содржи несоодветни или недоволен број информации. |
| **0** | (2 бода)<br>Голем број грешки во пишувањето на зборовите и интерпункцијата кои го оневозможуваат разбирањето на текстот. | (2 бода)<br>Многу ограничена лексика со голем број грешки и несоодветна на поставената задача. | (2 бода)<br>Употребени се едноставни граматички структури кои го попречуваат разбирањето на текстот. | (2 бода)<br>Текстот има нејасна структура, нема одделни пасоси и има несоодветна употреба на поврзувачки средства. | (2 бода)<br>Содржината не одговара со барањата на задачата. Идеите се нејасни и текстот содржи недоволен број информации. |

**Дополнителни критериуми**

1. За секој вид задача е дозволена толеранција од 10 збора повеќе или помалку.
2. Се што е над или под дозволениот праг на толеранција се добиваат нула (0) поени и ако таа не соодветствува на барањата на задачата.
3. Грешките што се повторуваат во правописот не се бројат.
4. Доколку ученикот напишал повеќе или помалку од 50% од бараниот број на зборови, согласно од видот на задачата, текстот се оценува со нула (0) поени по сите критериуми.